Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
Примено: 8-7-2021
Орг. Един.: 03 Број: 946 Прилог: Вредност:

Бр. 02-773/7
25.6.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 43, член 173, став 2 и член 175, став 2 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на 12. седница одржана на 25.6.2021 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**потврдување на избор во звањето редовен професор**

**Член 1**

Се потврдува изборот во звањето редовен професор на **д-р Флорина Поповска-Перчиниќ**, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Факултет за ветеринарна медицина во Скопје, во наставно-научните области:

- *хистологија (40704) и*
- *ембриологија (40702).*

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Претседател**

**Проф. д-р Анета Баракоска**

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

ДН:

- Факултет за ветеринарна медицина - Скопје
- проф. д-р Флорина Поповска-Перчиниќ

Генерален секретар: м-р Марија Маневска

Изработил: м-р Елизабета Додевска

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1237

**Скопје, 1 мај 2021 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**Првиот број на Билтенот е објавен во мај 1957 година**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
*проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор*

**Уредник на Билтенот:**
*Илија Богоевски*

**Лектор:**
*Весна Илиевска-Цветановска*

**Техничко уредување:**
*Зоран Кордоски*

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет***: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ*

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1237 ОД 1.5.2021 ГОДИНА

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Проектирање на општествени објекти за здравствена заштита** од авторите **проф. д-р Михајло Волканов** и **вонр. проф. д-р Михајло Зиноски**......8-11

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Промена на ментор на магистерски студии (**Александар Николов**)......12

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: анестезиологија, анестезиологија и реанимација и здравствена нега на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сов. д-р Јасминка Нанчева, н. сов. д-р Билјана Ширговска, насл. доц. д-р Марија Срцева, насл. доц. д-р Вања Трајковска**)......13-117
2. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина и хематологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**насл. вонр. проф. д-р Ирина Пановска-Ставридис, в. н. сор. д-р Злате Стојановски, н. сов. д-р Светлана Станковиќ, насл. доц. д-р Газменд Амзаи**)......118-266
3. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област медицинска физика на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. истраж. д-р Душко Лукарски**)......267-278
4. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: интерна медицина и ендокринологија и заболување на метаболизмот, на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Искра Битоска Милева, насл. доц. д-р Ирфан Ахмети**)......279-314
5. Реферат за избор на два наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина и кардиологија, на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Емилија Антова, н. сор. д-р Ирена Митевска, н. сор. д-р Оливер Калпак**)......315-388
6. Реферат за избор на два наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: патолошка физиологија и нуклеарна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Тања Маказлиева, ас. д-р Невена Маневска**)......389-415
7. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: хирургија и кардиохирургија на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Васил Папестиев**)......416-429
8. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија и неврохирургија на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р сци Роберт Шумковски, н. сор. д-р сци Миленко Костов, н. сор. д-р сци Александра Димовска-Гавриловска**)......430-477
9. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања во научните области: интерна медицина и ендокринологија и заболување на метаболизмот, на Медицинскиот факултет во Скопје (**насл. доц. д-р Ирфан Ахмети**)......478-495
10. Реферат за избор на две лица во сите научни звања по предметите од научните области: интерна медицина и хепатогастроентерологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Елена Цуракова Ристовска, ас. д-р Фана Личоска Јосифовиќ**)......496-528

11. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области: хирургија и пластична хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Маргарита Пенева, д-р Маре Стефковска**)....................................529-556
12. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области: анестезиологија, анестезиологија и реанимација и здравствена нега, на Медицинскиот факултет во Скопје (**насл. доц. д-р Марија Јовановски Срцева**)....................................557-600
13. Реферат за избор на еден асистент по предметот **Инфектологија** на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Елена Денковска**)....................................601-603
14. Реферат за избор на три асистенти по предметот **Анестезиологија со реанимација** на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Љубица Миќуновиќ Деребанова, д-р Александра Гавриловска Брзанов, д-р Алберт Леши и д-р Билјана Андоновска**)....................................604-615
15. Рецензија на ракописот **Физиологија на скелетни мускули и основни вежби за мускулна сила** од авторката **проф. д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска**.........616-618
16. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Евалуација на факторите за откажување од пушење преку три модели на откажување од пушење** од **спец. д-р Драган Ѓорѓиевски**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје................619-627
17. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Рабдомиолиза како компликација кај акутно интоксицирани пациенти со психотропни и хемиски супстанции и ризик-фактори за развој на акутно бубрежно оштетување** од **д-р Александра Бабуловска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје....................................628-637
18. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Екстракорпорална литотрипсија со ударни бранови наспроти перкутана нефролитотомија во лекувањето на бубрежните камења со големина 10 – 20 мм во средната и горната група на чашки** од **д-р Ивица Стојаноски,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....638-649
19. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Тироидниот статус во гравидитетот и неговото влијание врз неонаталниот исход** од **д-р Маја Аврамовска**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје....................................650-658
20. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Лапароскопска наспроти отворена хернопластика кај вентрални хернии со техника на интраперитонеално пласирање на мрежа (IPOM – intraperitoneal onlay mesh) – ран клинички исход** од **д-р Еџевит Кадри**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје..................659-667
21. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Вредноста на лапароскопската апендектомија во третманот на комплициран апендицитис** од **д-р Андреј Николовски**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје..........................668-676

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија на ракописот **Граѓанско право – општ дел** од авторките **проф. д-р Родна Живковска** и **проф. д-р Тина Пржеска**....................................677-686
2. **Исправка** на техничка грешка во Прегледот на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје Н.Н.С. од 2.4.2021 година, објавен во Билтенот број 1236 од 15.4.2021 година на страница 284....................................687

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Марија Тренчева, Мирјана Богданоска**)....................................688

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на научен работник во сите научни звања во наставно-научната област (дисциплина) стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Благоја Даштевски**)........................................................................689-700

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Нина Младеновиќ**)..........................................................................................................701
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Ерхан Мустафа**)..............................................................................................................702

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област хистологија и ембриологија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**вонр. проф. д-р Флорина Поповска Перчиниќ**)..................................................703-720
2. Реферат за избор на истражувач во сите научни звања во научната област (дисциплина) 10700 – хемија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (**в. н. сор. д-р Елизабета Димитриеска-Стојковиќ**)........................................................................721-741

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област театрологија – сценски говор и техники на гласот на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**д-р Валентина Божиновска**)...............................................742-751

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на ракописот **Форензика на мрежи** од авторот **Марко Порјазоски**...........................................................................................................752-757
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Драгана Крстевска, Александра Јовановска**)..........................................................................................758
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Јован Карамачоски**)..........................................................................................................759
4. **Исправка** на техничка грешка во Рецензијата за оцена на докторската дисертација **Развој на стандарден модел на сенка кај мрежа од фотоволтаични панели за оптимизација на нејзината геометрија за поефикасна искористеност на плац** од **м-р Биљана Читкушева Димитровска**, пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје “, објавена во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1235 од 1.4.2021 година на страница 66....................760

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Николина Соколовска, Ивана Велинова, Миле Костов, Ристе Ѓорѓиев, Бобан Пиперковски, Милица Трајкоска, Сандра Душкоска, Викторија Соколовска, Даница Василева, Александар Јаневски, Синиша Бајев, Тамара Тодоровска, Наташа Бојаровска, Ана Бахченвациева, Маја Голубова, Синиша Цветаноски**)......................................761-762

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Блерта Качиу, м-р Линда Зеќири**)...........................................................................................763
2. Промена на ментор на докторски студии (**м-р Лиридон Беколи**)..............................764

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Евалуација на хемиски супстанции за фармацевтска употреба според Европска фармакопеја** од авторите **проф. д-р Анета Димитровска, проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска, проф. д-р Катерина Брезовска, проф. д-р Јелена Ацевска**..........................................................................................765-772

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Градот тврдина Просек и неговиот ареал во средниот век** од **м-р Орданче Петров**...................................................773-780
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Атанас Кипро, Евгениј Литовски, Фросина Спасовска, Ребека Мучева, Дорис Рециќ, Агнеса Бесими, Драгана Ордева, Катерина Ангелова, Емилија Стојановска, Ирена Петковска**)........................................................................................................781-782

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Терминологијата од областа на информатичкото општество во македонскиот јазик: дефинирање и создавање терминолошки бази на податоци** од **м-р Николче Мицкоски**, пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје............................................783-788
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Ајлин Карахасан**)........................................................................................................789

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област земјотресно инженерство на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје (**вонр. проф. д-р Игор Ѓорѓиев**).................790-808

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Реферат за избор на наставник во насловно звање – доцент/вонреден професор во наставно-научната област човекови права и слободи на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**д-р Јелена Ристиќ**).........................809-826

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Љиндита Којали**)........................................................................................................827
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Марина Цветаноска**)........................................................................................................828

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИСТОЛОГИЈА И ЕМБРИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 5.4.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области хистологија и ембриологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 0202-437/4, донесена на 16.4.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Влатко Илиески, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Маја Јорданова, редовен професор на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Емил Иванов Сапунджиев, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Софија, Лесотехнически университет во Софија, Р Бугарија.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области хистологија и ембриологија, во предвидениот рок се пријави д-р Флорина Поповска Перчиниќ, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

### 6. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Флорина Поповска Перчиниќ е родена на 19.8.1966 година во Скопје. Средно образование завршила во 1985 година во Скопје. Со високо образование се стекнала на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала во 1993 година, со просечен успех 9,38.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2005/2006 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 2002 година, со просечен успех 10,00. На 15.3.2002 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Влијание на сексуалните хормони врз цитоморфолошкиот аспект на адреналниот кортекс кај стаорци аклимирани на хипертермичка средина.*

Докторска дисертација пријавила на 17.1.2008 година, на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Дисертацијата на тема: *Имунохистохемиски и стереолошки истражувања на хипофизно-адренокортикалниот систем кај стаорци при аклимација на зголемена амбиентална температура* ја одбранила на 6.10.2011 година година, пред Комисија во состав: д-р Верица Милошевиќ, научен советник во Институтот за биолошки истражувања „Синиша Станковиќ“ во Белград, при Белградскиот универзитет, Р Србија, д-р Нада Митева, редовен професор на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Тони Довенски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Влатко Илиески, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Владимир Петков, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од обласка на ветеринарната медицина.

На 16.1.2012 година е избрана во звањето доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во областите хистологија и ембриологија.

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1131 од 30.9.2016 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 714 од 4.9.1998 година, бр. 813 од 18.10.2002 година, бр. 895 од 14.4.2006 година, бр. 958 од 16.2.2009

година, бр. 1022 од 30.12.2011 година и бр. 1131 од 30.9.2016 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 7. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина - Скопје, кандидатката д-р Флорина Поповска Перчиниќ изведува теоретска и практична настава (вежби) по предметот Хистологија и ембриологија на интегрираните студии од прв и втор циклус на студиската програма Ветеринарна медицина, како и на трет циклус - докторски студии по ветеринарна медицина по предметите: Одбрани поглавја од хистологија и ембриологија и Хистолошки, хистохемиски, имуниохистохемиски и морфометриски методи во биомедицинските науки.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 6 дипломски и на 2 докторски дисертации.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Флорина Поповска Перчиниќ, во периодот од последниот избор до сега, има објавено вкупно 48 научни трудови од соодветните научни области, од кои 9 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 6 труда во меѓународни научни списанија, односно меѓународни научни публикации и 33 труда во зборници од научни собири.

Д-р Поповска Перчиниќ била раководител на 2 национални научни проекта („Влијание на семиналната плазма и редуцираниот глутатион во зачувувањето на сперматозоидниот биолошки интегритет во криопрезервирани ејакулати од овчеполска праменка“ и „Молекуларни истражувања на јајце-клетки со различна развојна способност“), а учествувала и како член и во националните проекти: Валидација на 19 микросателитски ДНК-маркери за индивидуална идентификација и тестирање родителство кај кучиња (Canis lupus familiaris) и Програма за заштита на биолошката разновидност во сточарството за 2018 година. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р Македонија.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Флорина Поповска Перчиниќ активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје преку активности во Лабораторијата за хистологија и ембриологија и како дел од тимот за собирање и производство на ембриони. Од 2017 година е избрана за раководител на Институтот за репродукција и биомедицина (Решение со бр. 03-1585 од 1.9.2017 година), со што активно учествува во организацијата на наставните, научноистражувачките и применувачките активности на институтот.

Д-р Поповска Перчиниќ остварила повеќе стручни усовршувања во земјата и востранство, а во 2017 година реализирала стручен престој на Институтот за ветеринарна медицина при Естонскиот универзитет на природни науки во Тарту, Естонија, преку ЕРАЗМУС+ мобилноста за наставен и научен кадар. Во изминатиот период, кандидатката била и стручен рецензент на научни трудови од нејзината област во 5 научни списанија.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, и тоа: Комисија за изготвување на Стратегија за развој на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Комисија за изготвување на Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, Комисија за изработка на Деловник за начин на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела, комисиите и внатрешните организациони единици на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Рецензентска комисија за пишување извештај со предлог за доделување на звањето почесен доктор на науки (doctor honoris causa) на проф. д-р Јозеф Лауринчик од Универзитетот Константин Филозоф – Нитра, Словачка, Работна група за изработка на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за стекнување и распределба на вкупниот приход на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за

утврдување на платите и надоместоците на вработените на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, член е на Кризен штаб на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за превенција од ширење на коронавирусот Covid 19, како и на други комисии и тела поврзани со промоција и работење на Факултетот.

Од 2018 година, д-р Флорина Поповска Перчиниќ е заменик-уредник на меѓународното научно списание ,,Македонски ветеринарен преглед”, индексирано во најпрестижните научни бази на списанија, меѓу кои се: Clarivate Analytics – Web of Science (Zoological Records), Scopus, Ebsco и др. Во таа насока, кандидатката учествувала на повеќе обуки за членови на уредувачки одбори на научни списанија, а во 2020 година била предавач и на работилницата „Рецензирање во македонски научни списанија кои се цитираат во Scopus“.

Кандидатката учествувала во уредувачкиот одбор за издавање на монографијата „90 години ветеринарна наука и едукација”, чиј издавач е Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (ISBN 978-9989-774-28-7), уредник е на книга на апстракти на „Days of veterinary medicine 2016” (ISBN 978-9989-774-27-0) и уредник на книга на апстракти на „5th International Vet-Istanbul group congress & 8th International scientific meeting Days of veterinary medicine – 2018” (ISBN 978-9989-774-31-7).

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Флорина Поповска Перчиниќ доби позитивни оценки од анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука на ННС со бр. 0202-398/2 од 10.3.2017, Одлука на ННС со бр. 0202-1709/4 од 27.9.2017, Одлука на ННС со бр. 0202-804/2 од 28.5.2018, Одлука на ННС со бр. 0201-414/3 од 14.3.2019, извештај од спроведена анкета бр. 03-108/2 од 7.2.2020).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Флорина Поповска Перчиниќ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Флорина Поповска Перчиниќ поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научните области хистологија и ембриологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Флорина Поповска Перчиниќ да биде избрана во звањето **редовен професор** во научните области хистологија и ембриологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Влатко Илиески, с.р.**
**Факултет за ветеринарна медицина – Скопје,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје**

**Проф. д-р Маја Јорданова, с.р.**
**Природно-математички факултет – Скопје,**
**Универзитет „Св.Кирил и Методиј” во Скопје**

**Проф. д-р Емил Иванов Сапунджиев, с.р.**
**Факултет за ветеринарна медицина – Софија,**
**Лесотехнически универзитет во Софија**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Флорина Поповска Перчиниќ***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Факултет за ветеринарна медицина – Скопје***
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***ХИСТОЛОГИЈА И ЕМБРИОЛОГИЈА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: ___9,38_______<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: ______10____ | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научните области: хистологија и ембриологија; поле: ветеринарна медицина; подрачје: биотехнички науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1.1. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Acta Veterinaria-Beograd<br>2. Назив на електронската база на списанија: Thomson Reuters/Science Citation Index Expanded, Zoological Record, Biosis Previews, Web of Science, Journal Citation Reports, etc._<br>3. Наслов на трудот: The effect of moderate heat on rat pituitary ACTH cells: histomorphometric, immunofluorescent and hormonal study _<br>4. Година на објава: _2017__________ | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.1.2. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Histology and Histopathology<br>2. Назив на електронската база на списанија: PubMed, Web of Science, Medline, Scopus, Biosis _<br>3. Наслов на трудот: Soy isoflavone effects on the adrenal glands of orchidectomized adult male rats: a comprehensive histological and hormonal study _<br>4. Година на објава: _2018__________ | ДА |
| 3.1.3. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Annals of Anatomy<br>2. Назив на електронската база на списанија: PubMed/Medline, Scopus, Science Citation Index, SCI Expanded, Elsevier BIOBASE, BIOSIS Citation Index, Current Contents - Life Sciences etc.<br>3. Наслов на трудот: The adrenal cortex after estradiol or daidzein application in a rat model of the andropause: structural and hormonal study<br>4. Година на објава: _2020__________ | ДА |
| 3.1.4. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Foods<br>2. Назив на електронската база на списанија: ISI Web of Science, Scopus _<br>3. Наслов на трудот: Immunohistochemical study of glucose transporter GLUT-5 in duodenal epithelium in norm and in T-2 mycotoxicosis _<br>4. Година на објава: _2020__________ | ДА |
| 3.1.5. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Anim Reproduction<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science, PubMed Central, Ebsco, Scielo Brasil, etc._<br>3. Наслов на трудот: Characterization of porcine oocytes stained with Lissamine Green B and their developmental potential in vitro _<br>4. Година на објава: _2020__________ | |
| 3.1.6. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Cell Journal<br>2. Назив на електронската база на списанија: ISI, Scopus, PubMed, PMC, etc _<br>3. Наслов на трудот: A moderate increase in ambient temperature influences the structure and hormonal secretion of adrenal glands in rats _<br>4. Година на објава: _2021___ _______ | ДА |
| 3.2. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Papers on Anthropology<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Leiu Heapost (Estonia), Barbara Hulanicka (Poland), Rimantas Jankauskas (Lithuania), Toivo Jürimäe (Estonia), Antonia Marcsik (Hungary), Miroslav Prokopec (Czech Republic), Esther Rubato (Spain), Romuald Stupnicki (Poland), Charles Susanne (Belgium), Ene-Margit Tiit (Estonia)<br>3. Наслов на трудот: T-2 mycotoxin induced apoptosis in broiler's liver tissue _<br>4. Година на објава: __2018___________ | ДА |
| 3.3. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: Polish Journal of Veterinary Sciences<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД:_Полска_______ | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: Temporospatial study of hexose transporters and mucin in the epithelial cells of chicken (Gallus gallus domesticus) small intestine _<br>4. Година на објава: ___2017________ __ | |
| 4. | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: _________<br>2. Место и година на објава: _____________ | / |
| 5. | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 30.9.2016, Билтен бр. 1131 | ДА |
| 6. | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

